Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 60, 16 мај 2011 година

мај 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно- научната област електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа транспортна механизација на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент во наставно-научната област енологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент во областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области електротехника и електромашинство на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент/ вонреден професор за наставно-научната област стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент/помлад асистент за подрачјето биотехнологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област дизајнирање на текстил и облека - на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на природните науки за одделенска настава“ од д-р Снежана Ставрева-Веселиновска и асистент Милена Ѓокиќ, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА ТРАНСПОРТНА МЕХАНИЗАЦИЈА НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"- ШТИП**

Наставно-научниот совет на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип на седница одржана на 23.2.2011 г. донесе Одлука (бр.2702-38/21) за формирање на Рецензентска комисија за избор на ***еден помлад асистент/асистент*** за наставно-научното подрачје ***машинство*** на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, во состав: доц. д-р Симеон Симеонов (претседател), доц. д-р Ангел Тасевски (член), доц. д-р Братица Темелкоска (член). На Конкурсот, објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 9.4.2011 г., за избор на ***помлад асистент/асистент*** за наставно-научното подрачје транспортна механизација се јавиле:

1. **Владимир Тевдов**, магистер по машински науки;
2. **Горан Поп-Андонов**, магистер по технички науки.

По приложените материјали и преземаните активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Комисијата го предлага следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 9.4.2011 г., за избор на помлад асистент /асистент (член129/130) се пријавиле кандидатите:

1. **Владимир Тевдов**, магистер по машински науки;
2. **Горан Поп- Андонов**, магистер по технички науки.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Владимир Тевдов** е роден на 25 јуни 1982 г. во Скопје. Завршува Машински факултет при УКИМ во Скопје, насока Производно машинство (од 2001 до 2006 г.). Магистрира на 9 октомври 2009 г. на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје, насока Менаџмент, со наслов на трудот *„Оптимизација на системите за нарачка и испорака долж снабдувачките синџири"*. Постигнат успех 9,71.

***Дополнително образование***

Од септември до 12 ноември 2006 г., Конзорциум за логистика и менаџмент за снабдувачките синџири, во организација на ЦС Глобал- Македонија.

Од 12 февруари до 16 февруари 2009 г., Тренинг за менаџмент на снабдувачките синџири и напредните технологии во процесот на брзгање на пластика, во организација на Текос - Словенија. Сертификат: Менаџмент на снабдувачките синџири и напредни технологии во процесот на бризгање на пластика.

На 17 март 2007 г. учествува на тренингот „Како да започне сопствен бизнис" во организација на Центарот за развој на нови бизниси. Сертификат: Како да започнете бизнис и изработка на бизнис план.

Од 8 октомври до 23 декември 2007 г. учествува на тренингот „3Д моделирање со користење на модерни технологии". Сертификат: 3Д моделирање.

На 1 јули 2009 г. учествува на обука „Континуирано зголемување на процесите", во организација на АЦ Србија.

Во периодот 11-12 февруари 2010 г. учествува во обука „Менаџирање на животниот циклус на производот", во организација на АЦ Србија.

На 20 јуни учествува на обуката „Испорака точно навреме во машинската индустрија".

***Професионални активности***

Волонтерски работи во компанијата „Луб сервис“ (од 5 јули до 30 јули 2004 г.). Волонтерски работи и во компанијата „Раде Кончар - контактори и релеи“ (од 5 јули до 30 јули 2004 г.). Во септември 2006 г. работи како истражувач на проектот „Менаџмент на снабдувачките синџири за македонската машинска индустрија“. Од ноември 2006 г. до октомври 2008 г. работи како менаџер на македонската инженерска мрежа. Од септември 2007 г. до ноември 2008 г. е менаџер за маркетинг и продажба. Во периодот од февруари до јуни 2008 г. е помагател при предавања на Факултетот за Југоисточна Европа во Тетово (области: статистика, логистика и менаџмент на снабдувачкиот синџир). Од мај до септември 2008 г. е одговорен за проектот „Електронска библиотека за компаниите од македонската машинска индустрија“. Од септември 2006 г. до октомври 2008 г. во ЦИРКО (Центар за истражување и развој), Машински факултет - Скопје. Од септември 2009 г. до октомври 2010 г. е менаџер за развој во делот на автомобилската индустрија. Од ноември 2008 г. до сега е директор на автомобилскиот кластер на Македонија.

***Учество на конференции***

Учество на конференција „Развој и промоција на автомобилската индустрија на Западен Балкан“, во организација на ОЕЦД.

Во декември 2009 г. учествува на Автомобилската конференција за кластери, Златибор, Србија.

Во ноември 2009 г. учествува на конференцијата Intercluster 2009 во Брисел – Белгија.

Во периодот 20-21 јуни 2009 г. учествува на Автомобилска западно-балканска конференција во Белград - Србија, во организација ОЕЦД.

Во периодот 10-11 мај 2009 г. учествува на конференција „Иновации во автомобилската индустрија“ во Нова Горица – Словенија.

Во периодот 9-10 мај 2008 г. учествува на Интернационалната конференција за претприемништво, иновации и регионален развој во Скопје/Охрид.

Во периодот 16-17 мај 2007 г. учествува на конференција „Виртуелен деловен инкубатор“, во организација на УСАИД.

***Научни и стручни проекти***

- Електронска библиотека за компаниите од македонската машинска индустрија, Цирко, Машински факултет - Скопје, септември 2008 г.
- Билатерален научноистражувачки проект, Македонско-словенечки проект за развој на машинската индустрија, Цирко, Машински факултет - Скопје, 2008 г.
- Заеднички проект за машински инженериски системи, Машински факултет - Скопје и Е БИЗ, ЦИРКО МЕС ЦЕ, 2006-2008 г.
- Менаџмент на снабдувачките синџири за македонските мали и средни компании, Цирко, Машински факултет - Скопје, 2006 г.

***Други достигнувања***

Останати вештини и компетенции: тимска работа, флексибилност и адаптирање на ситуацијата, целосна посветеност кон својата работа, работи во услови под притисок, способност за координација, висока професионалност, завршување на работа навреме, желба за учење и усовршување.

Компјутерски вештини: Microsoft Office, Auto CAD, Solid Works, Mechanical Desktop, Internet.

Познавање на странски јазици: англиски јазик - одлично.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Горан Поп-Андонов** е роден на 24 септември 1979 г. во Штип Завршува прв циклус на студии на Факултет за природни технички науки при УГД во Штип, студиска програма Рударство, Катедра за рударска механика и механизација, модул: Механика на карпи, со 270+10 ЕКТС кредити (на 21 јануари 2009 г.). Постигнат успех 9,32. Магистрира на 7 септември 2010 г. на Факултетот за природни технички науки при

УГД во Штип, насока Подземна експлоатација, со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со квалификација магистер по технички науки. Постигнат успех 9,66.

***Работно искуство***

Работи како волонтер на Електрохнички факултет при УГД во Штип, од октомври 2010 г.

***Партиципација и учество на проекти***

- Учествува при изработка на рударски проект за елаборирање, подготовка и експлоатација на блок 2 и 3, помеѓу хоризонтите 830 и 800, профили 1350 и 850, кај Голема река, рудник САСА ЛТД -М. Каменица.
- Изработка на елаборат „Влијание на концесивната област Говрлево над животната средина", Штип.
- Учествува при изработка на рударски проекти за подготовка и експлоатација на руди помеѓу хоризонтите XIVb и 840, кај Свиња Река, рудник „САСА" - М. Каменица.

***Научни трудови***

- „Симулациска студија - симулациско моделирање и негова примена во рударскиот транспорт и тек на суровините" - Рударство и геологија, информативна стручна ревија, бр. 17, јуни 2010 г.
- „Симулационо моделирање и негова примена во рударството", Подекс 09 - Трето стручно советување со меѓународно учество, 5.12.2009 г., М. Каменица.

***Други достигнивања***

Компјутерски вештини: Word, Excel, Arena Simulation.
Познавање на странски јазик: англиски јазик - одлично.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, Рецензентската комисија смета дека кандидатите м-р Владимир Тевдов и м-р Горан Поп-Андонов ги исполнуваат условите за помлад асистент за наставно-научното подрачје транспортна механизација, кое е во склоп на насоката Транспорт, организација и логистика на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Рецензентската комисија со задоволство му препорачува на Наставно -научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" –Штип, **кандидатите м-р Владимир Тевдов и м-р Горан Поп-Андонов да бидат избрани за помлади асистенти за наставно-научното подрачје** ***транспортна механизација.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Симеон Симеонов, доцент, с.р.**
**Д-р Ангел Тасевски, доцент, с.р.**
**Д-р Братица Темелкоска, доцент, с.р.**